*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1581/1*
*07.03.2022 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 4 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на материјална поддршка на спортските клубови, спортски здруженија и спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Штип и спорски манифестации кои се одржуваат територија на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип бр. 2/22), Комисијата за доделување материјална помош на спортски клубови спортски здруженија, спортски институции и поддршка на спортски манифестации објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства на спортските клубови, спортски здруженија и спортски институции кои извршуваат јавен интерес во спортот во Општина Штип и спортски манифестации кои се одржуваат територија на Општина Штип.

**Услови кои треба да се исполнат за субјектите да се јават на јавниот повик се:**

- Годишна Програма за работа и функционирање на спортскиот клуб, односно спортското здружение;
- Планот за реализација на проект од особен интерес на спортот во општината (*за спортските институции*);
- Програма и финансиски план за реализација на спортска манифестација или приредба (*доколку се аплицира за спортска манифестација или приредба*)
- доказ за регистрирана дејност;
- решение за вршење дејност спорт, издадено од страна на Агенцијата за млади и спорт (*за професионални спортски клубови*);

- копија од тековна состојба на субјектот, издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија (*не постара од 6 месеци*);
- овластување за застапување издадено од одговорно лице на субјектот;
- телефон за контакт, адреса и е-маил адреса;
- трансакциска сметка;
- информација за начинот на кој се финансирале во изминатите три години (генерален спонзор, повеќе спонзори, финансирање по пат на наплатување на тренажен процес – членарина; (*доколку апликантот е регистриран повеќе од три години*)
- информација за тоа каде субјектите ги извршуваат тренажните и натпреварувачките процеси, како и условите под кои ги користат: наем на сала, доделена сала на користење од Општина Штип, објект во сопственост на субјектот, за кој редовно плаќа режиски трошоци за изминатите три години; (*доколку апликантот е регистриран повеќе од три години*)
- доколку спортските субјекти со своите програми учествуваат во натпреварувачки лиги организирани од соодветната федерација, да се достави информација за степенот на натпреварувањето, како и евентуално за учество на натпревари од меѓународен карактер, да се нагласат спортските успеси на спортските субјекти во последните три години, поткрепени со докази од соодветните спортски федерации или други спортски институции; (*доколку апликантот е регистриран повеќе од три години*)
- информација за пионерско - младинските школи (*доколку ги имаат организирано*), да достават нивна програма за тековната година, како и да ги нагласат нивните спортски резултати во изминатите три години, поткрепено со доказен материјал од соодветните спортски федерации и државни спортски институции.

**<u>Начин на пријавување на повикот</u>**

Потребната документација за учество на повикот се доставува по пошта или во архивата на Општина Штип, на адреса: ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, Штип.

Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „НЕ ОТВОРАЈ” и со назнака „ЗА ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛНА ПОМОШ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТСКИ ИНСТИТУЦИИ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ” и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на кандидатот

**Рок на траење на повикот:**

Рокот за пријавување изнесува 7 работни дена од денот на објавата на повикот.

**Постапка за доделување на средства:**

Постапката за доделување материјална помош на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции и доделување на материјална поддршка за организација на спортски манифестации ја спроведува Комисијата за доделување материјална помош на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции и поддршка на спортски манифестации согласно одредбите на овој Правилник.

Јавниот повик се објавува на 07.03.2022 година и трае до 15.03.2022 година.

*Комисија за доделување материјална помош на спортски клубови, спортски здруженија, спортски институции и поддршка на спортски манифестации*
*Општина Штип*

Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија
Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*